Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 66/2013 и 114/2014), и член 31, член 32 и член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20 јануари 2022 година), расправајќи по правно прашање од интерес за воедначување на судската практика на Апелационите судови во Република Северна Македонија, на седницата одржана ден 28.02.2022 година, го утврди следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Адвокатското друштво нема активна легитимација за водење на спор по основ претходни побарувања од страна на адвокатите – основачи на адвокатското друштво, доколку тоа побарување кое основачите го стекнале како адвокати поединци не го навеле во одлуката за основање на адвокатското друштво.**

### О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија, поднесено е барање за обезбедување на единство во примената на законите од страна на Апелационите судови Скопје, Битола, Гостивар и Штип, по однос правното прашање: „Дали адвокатското друштво може да има активна легитимација за водење на спор по основ на претходни побарувања од страна на основачите на истото, во состојба кога овие основачи со ниту еден акт своето побарување кое го стекнале како адвокат поединец не го пренеле на адвокатското друштво“.

Во прилог на иницијативата доставени се две одлуки, едната на Апелациониот суд Гостивар ГЖ.бр.1358/19 од 26.12.2019 година и втората на Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1508/13 од 23.12.2013 година.

Од пресудата на Апелациониот суд Гостивар ГЖ.бр.1358/19 од 26.12.2019 година, произлегува дека судот прифатил дека адвокатското друштво Томислав Кузманоски од С. има активна легитимација за водење на спор по основ претходно побарување од страна на еден од основачите на адвокатското друштво – Бранко Кузманоски, адвокат од С., иако овој адвокат своето побарување кое го стекнал како адвокат поединец не го пренел на адвокатското друштво Томислав Кузманоски од С..

Ваквиот став судот го темели на околноста што при извршените промени бил запазен континуитетот во вршењето на адвокатската дејност со здружување на истиот адвокат поединец Бранко Кузманоски од С. во адвокатско друштво најпрво Бранко Кузманоски од С., а потоа во адвокатско друштво Томислав Кузманоски од С, согласно решение на Адвокатската комора, како и извршените промени во Централниот регистар. Судот прифаќа дека не станувало збор за престанок во вршење на дејноста адвокат, туку за статусна промена со проширување во адвокатско друштво, при што во извршените промени постоел континуитет во вршењето на истата дејност со промена од адвокат поединец во здружување во адвокатско друштво, од каде всушност биле пренесени сите права и обврски од тогаш адвокатот поединец Бранко Кузманоски од С.

во новоформираното адвокатско друштво Томислав Кузманоски од С.. Од овие причини Апелациониот суд Гостивар смета дека нема пречка адвокатското друштво Томислав Кузманоски од С. во конкретниот случај да се јави како тужител за побарување кое произлегувало од склучениот договор за заем на парични средства од тогаш адвокатот поединец Бранко Кузманоски од С. со тужените А.М. и В.М.1, двајцата од село С.С..

Спротивно на ова од пресудата на Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1508/13 од 23.12.2013 година, произлегува дека овој суд прифатил дека адвокатското друштво Веритас од Б. не е активно легитимирано да поднесе тужба и да бара од тужениот во таа постапка Петар Христовски од Б. да му го исплати бараниот износ, бидејќи адвокатот Никола Дабиќ од Б., со ниту еден акт своето побарување кое што го имал стекнато како адвокат поединец не го пренел на тужителот адвокатското друштво Веритас од Б., за да може сега ова адвокатско друштво како доверител во смисла на одредбите од Законот за трговски друштво и Законот за стечај да го бара износот со тужбата. Тоа што овој адвокат преминал како адвокат основач во адвокатсткото друштво Веритас не значело дека му го пренел своето побарување кое што адвокатот Никола Дабиќ го имал спрема П. ДООЕЛ од Б.. Притоа, Апелациониот суд Битола во погоре наведената одлука се повикува на договорот за основање на адвокатското друштво Веритас од 01.09.2012 година и укажува дека основачкиот влог на адвокатското друштво Веритас бил износот од 8.960 евра или 548.760,00 денари, што претставувало проценета вредност на предмети наведени во договорот. Во договорот не било наведено дека некој од основачите: Н.С., Н.Д. или В.С., пренесуваат свои побарувања кои биле претходно стекнати со вршење на самостојна дејност како адвокати. Тоа што парите се префрлале на единствена сметка на адвокатсткото друштво Веритас од Б., не значело дека тужителот адвокатско друштво Веритас од Б. има и активна легитимација.

Во прилог на погоре наведената одлука на Апелациониот суд Битола е и известувањето на Апелациониот суд Битола СУ.бр.03-32/21 од 02.04.2021 година, а ваков став како Апелациониот суд Битола по однос на истото правно прашање зазел и Апелациониот суд Штип, што произлегува од известувањето со заклучокот на овој суд СУ.бр.696/20 од 28.09.2020 година.

Од сето погоре наведено, произлегува дека за истото правно прашање постои различна судска пракса меѓу Апелациониот суд Гостивар од една страна и Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Штип од друга страна.

За разрешување на ова правно прашање треба да се има предвид Законот за адвокатурата („Службен весник на РМ“ бр.59/2002) и неговите измени и дополнувања („Службен весник на РМ“ бр.60/06 и „Службен весник на РМ“ бр.113/12). Ова од причина што станува збор за Закон – Законот за адвокатурата кој е lex specialis.

Согласно член 6 став 1 од наведениот Закон: „Адвокатската дејност ја вршат исклучиво адвокати кои положиле заклетва и се запишале во Именикот на Адвокатската комора на Република Македонија“.

Во членот 6 став 2 од истиот Закон се вели: „Адвокатите ја вршат адвокатската дејност како адвокати поединци и адвокати здружени во адвокатско друштво“.

Согласно пак член 6 став 3 од цитираниот Закон: „Адвокатите поединци се запишуваат во Именикот на адвокатите, а адвокатските друштва се запишуваат во Именикот на адвокатските друштва кои што се водат во Адвокатската комора на Република Македонија“.

Во членот 7 став 1 од Законот за адвокатурата стои: „Адвокатот поединец ја извршува адвокатската дејност поединечно“.

Согласно член 8 став 1, став 2, став 3 и став 5 од истиот Закон: „Двајца или повеќе адвокати можат да основаат адвокатско друштво. Адвокатското друштво врши адвокатска дејност како адвокат поединец. Адвокатското друштво се основа со одлука за основање. Адвокатското друштво се запишува во Именик на адвокатски друштва којшто се води во Адвокатската комора на Република Македонија со што се стекнува со статус на правно лице согласно со овој Закон.“

Ако се имаат в предвид овие одредби произлегува дека кога станува збор за адвокатско друштво истото се основа од двајца или повеќе адвокати и тоа со одлука за основање. Во самата одлука за основање мора да биде наведено дали некој од основачите при основање на адвокатското друштво пренесува свои побарувања кои ги стекнал како адвокат поединец. Доколку тоа не е сторено адвокатското друштво не може да се јави како тужител за побарување на еден од основачите на адвокатското друштво, кое основачот го стекнал како адвокат поединец.

Ставот на Апелациониот суд Гостивар изразен во погоре наведената одлука, дека поради тоа што постои континуитет во вршење на истата дејност нема пречка адвокатското друштво да се јави како тужител за побарување кое го имал како адвокат поединец, еден од основачите на адвокатското друштво, нема поткрепа ниту во решението на Централниот регистар на РМ број 0805-50/150220180009333 од 17.12.2018 година. Имено, во ова решение стои: „Со решение број 04-901/1 од 04.01.2013 година од Адвокатска комора на РМ Скопје во Именикот на адвокати со реден број 431 на адвокатот Бранко Кузманоски од С. му престанува правото на вршење адвокатска дејност како адвокат поединец заклучно со 31.12.2012 година и истиот продолжува со вршење на адвокатска дејност како адвокат основач на адвокатско друштво Бранко Кузманоски од С.. Значи, тој повеќе не врши адвокатска дејност како адвокат поединец, туку врши дејност како адвокат основач на адвокатско друштво Бранко Кузманоски, кое друштво подоцна со решение на Централниот регистар на РМ од 09.10.2018 година го променило називот во адвокатско друштво Томислав Кузманоски од С..

Овој суд укажува дека адвокатот поединец не е трговец согласно член 8 став 2 од Законот за трговски друштва, бидејќи неговата дејност не може да се подведе како трговска во согласност со одредбите на член 4 од погоре цитираниот закон, ниту пак адвокатското друштво е трговско друштво. Од овие причини за адвокатите поединци и за адвокатските друштва не можат да се применат одредбите од Законот за трговски друштва, кои што ги применува Апелациониот суд Битола во цитираната одлука, туку исклучива примена наоѓа Законот за адвокатурата како lex specialis.

Од сето напред изнесено, следуваше да биде утврдено правното мислење.